Врз основа на член 112 став 1 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.24/2019 член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр.05-2698/13 од 20.10.2022 г, Извештај од спроведена постапка бр.05-2698/19 од 26.10.2022 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**17213/2022** , Директорот на Друштвото донесе :

Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Shoqëria Aksionare e Menaxhimit të Hapësirave Afariste në Pronësi Shtetërore
Бр.-Nr. 05-2698/20
31-10-2022 20__ год.-vite
СКОПЈЕ - SHKUP

# О Д Л У К А

## за избор на најповолна понуда за Изложување на објектите со кои стопанисува АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост

На основ на Записник од отворање на понуди бр. 05-2698/13 од 20.10.2022 г, Извештај од спроведена постапка бр.05-2698/19 од 26.10.2022 г. од Комисијата за јавни набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-2698/3 од 23.09.2022 г. и Одлука за измена на Одлуката за јавна набавка бр.05-2698/5 од 06.10.2022, со примена на постапка со Набавка од мала вредност со објавување на оглас во ЕСЈН , Договорите за Изложување на објектите со кои стопанисува АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост се доделуваат на:

**За ДЕЛ 1** „Скопје,Штип Куманово ,Кочани и Тетово)

**Друштво за геодетски работи,трговија и услуги**

**„ГЕО БАЛКАН„ увоз-извоз ДООЕЛ Битола**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 1 (една) прифатлива понуда.

**За ДЕЛ 2 „**( Битола)

**Друштво за геодетски работи,трговија и услуги**

**„ГЕО БАЛКАН„ увоз-извоз ДООЕЛ Битола**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 1 (една ) прифатлива понуда.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да ги извести:

- Понудувачите чија понуда е избрана за најповолна.

-Понудувачите чии понуди се отфрлени за причините за отфрлање на нивната понуда,со детално образложение зашто понудата е неприфатлива

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолната понуда, во се спрема одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за стопанисување со деловен простор за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од **пет дена** од денот на приемот на одлуката за избор за најповолна понуда до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се изјавува до Државна комисија за жалби во електронска форма, а се доставува истовремено до Државна комисија и до договорниот орган преку ЕСЈН.

**Генерален Директор**

**Sheval Ceku**

**доставено до**:

- Сектор за економско финансиски работи и информатика
- Сектор за стопанисување со деловен простор
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- Архива

| | | |
|---|---|---|
| изготвил: | Јанко Михајловски | 26.10.2022 |
| контролирал: | Анета Тодоровска | |
| Одобрил : | Кирил Ѓорѓов | |
| | Аријана Раман | |